

# Ако ти е рано за пензија, не ти е рано за penzija.mk

МАПАС

Ноември, 2020

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

SAVA PENZISKO

triglav
Триглав пензиско друштво

# СТРУКТУРА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ВО РСМ

Македонскиот пензиски систем е дел од социјалното осигурување на Република Северна Македонија (РСМ) и ја има следната структура:

1

## Осигурување врз основа на генерациска солидарност (т.н. прв столб),

Првиот столб се финансира на тековна основа (PAYG), што значи дека со придонесите од постојните осигуреници се исплаќаат пензиите на сегашните пензионери.

2

## Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (т.н. втор столб),

Овој начин на пензиско осигурување е заснован врз принцип на собирање на средства преку плаќање на придонеси на индивидуални сметки чии средства понатаму се инвестираат и добивката намалена за трошоците на работењето на системот се додава (акумулира) на средствата на индивидуалните сметки.

3

## Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (т.н. трет столб).

Ова пензиско осигурување, исто така е осигурување врз основа на капитализација на средствата, на принцип на дефинирани придонеси, но на доброволна основа. Значајно за ова пензиско осигурување е што во него можат да бидат вклучени сите лица кои сакаат да обезбедат повисок обем на материјална сигурност покрај задолжителното осигурување, како и сите лица кои не се опфатени со задолжително осигурување (во првиот и вториот столб).

# 2 ВТОР СТОЛБ – ЧЛЕН ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД МОЖЕШ ДА БИДЕШ:

- Ако првпат пристапиш во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2019 година и на датумот на пристапувањето си помлад од 40 години.

## КАКО ДА СТАНЕШ ЧЛЕН ВО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД?

Можеш да стекнеш членство во задолжителен пензиски фонд на два начини:

- Со потпишување на договор за членство во задолжителен пензиски фонд и со регистрација во Регистарот на членови што го води Агенцијата или
- Со распределба во задолжителен пензиски фонд по случаен избор и со регистрација во Регистарот на членови што го води Агенцијата, доколку во рок од 3 месеци од твоето прво вработување не потпишеш договор со ниту едно пензиско друштво.

# УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД БРУТО ПЛАТА ВО ПРВ И ВТОР ПЕНЗИСКИ СТОЛБ

Висината на придонесот, што се пренесува во задолжителниот пензиски фонд на твојата индивидуална сметка, изнесува 6% од твојата бруто плата, а во Фондот на ПИОСМ останува придонес во висина која се добива како разлика меѓу вкупниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонесот уплатен во втор столб (за 2020 г. изнесува 12,8% од бруто плата (12,8%=18,8%-6%)).

# ИМАШ ПРАВО НА ИЗБОР НА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

**Ти како вработен имаш право на личен избор, во рок од три месеци од твоето прво вработување, со кое пензиско друштво ќе склучиш договор за членство во задолжителен пензиски фонд.**
**Во моментов постојат три пензиски друштва кои управуваат со по еден задолжителен пензиски фонд и еден доброволен пензиски фонд:**

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6 Скопје
тел. 02-3243-777, www.kbprvo.mk

**Сава пензиско друштво а.д. Скопје**
ул. Мајка Тереза бр.1 Скопје,
тел. 02-15-500, www.sava-penzisko.mk

**ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје**
бул. 8-ми Септември бр. 16 Скопје,
тел. 02-5102-190, www.triglavpenzisko.mk

# 3 ТРЕТ СТОЛБ – Имаш право да се вклучиш и во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување




Имаш право, да станеш член во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување:

Ако имаш наполнети 15 години, но не повеќе од 70 години

и / или

Ако твојот работодавач или здружение те вклучи во професионална пензиска шема

* Пензионер не може да биде член во трет столб.



# КАКО ДА СТАНЕШ ЧЛЕН НА ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД?

**Можеш да стекнеш членство во доброволен пензиски фонд на три начини:**

- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд со друштвото и со отворање на доброволна индивидуална сметка.
- со потпишување на договор за членство во доброволен пензиски фонд кој ќе биде меѓу тебе, уплаќачот и друштвото и со отворање на доброволна индивидуална сметка.
- со учество во професионална пензиска шема, организриана од твојот работодавец или здружение и со отворање на професионална сметка.

# КАКО СЕ УПЛАЌААТ СРЕДСТВА ВО ТРЕТИОТ СТОЛБ?

**Ти како член може да уплаќаш:**

- доброволен придонес сам за себе,
- во твое име и за твоја сметка да уплаќа доброволен придонес трето лице (т.н. уплаќач), или
- за тебе да плаќа работодавач односно финансиер на професионална пензиска шема.



# ВО КОИ ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ПЕНЗИСКОТО ДРУШТВО ГИ ИНВЕСТИРА ТВОИТЕ ПАРИ?

Вашето пензиско друштво средствата на пензиските фондови ги инвестира најчесто во: депозити во банки, акции од домашни издавачи, обврзници од домашни издавачи, краткорочни хартии од домашни издавачи, акции од странски издавачи, инвестициски фондови од странски издавачи, итн.




Слика.1 Структура на инвестиции на пензиски фонд

# ПРЕМИН ВО ДРУГ ПЕНЗИСКИ ФОНД

Значајно право за сите членови во еден систем на капитално финансирано пензиско осигурување, е **преносливоста на средствата.** Како член, на задолжителен или на доброволен пензиски фонд, имаш **право на избор и право на промена на избраниот пензиски фонд**, по сопствена желба, **во секое време.**

При промената на пензискиот фонд се пренесуваат и твоите заштедени средства. Исто така и во случај на учество во професионална пензиска шема, имаш право, при премин кај друг осигурител, да се пренесат заштедените средства или во друга професионална пензиска шема или на твоја доброволна индивидуална сметка.



# АЖУРИРАЈ ГИ ТВОИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Со цел точно и навремено да ти биде доставено редовното годишно известување, познато како зелен плик, ажурирај ги твоите лични податоци. Ажурирањето може да го направиш на еден од следните начини:**



## Ажурирање со писмено барање

– пополни Барање за ажурирање/корекција на личните податоци. Притоа, заради твоја идентификација друштвото ќе изврши увид во твојата лична идентификација преку овластено лице или агент и воедно телефонски ќе те исконтактира.



## Ажурирање преку интернет страница

– твоето пензиско друштво, преку својот електронски систем на интернет страницата, ти овозможува да ги ажурираш твоите лични податоци: име, презиме, адреса на живеење, место на живеење, поштенски код, место за коресподенција, поштенски код за коресподенција, адреса за коресподенција, телефон и електронска пошта.



## Ажурирање преку телефонски контакт со пензиските друштва

– можеш да ги ажурираш и/или корегираш податоците кои се однесуваат на твојата адреса за живеење или адресата за кореспонденција со телефонско јавување на контакт телефоните на твоето пензиско друштво.

# ШТО СОДРЖИ ЗЕЛЕНИОТ ПЛИК



Во зелениот плик има два вида извештаи:

1. Првиот извештај содржи информација за состојбата на средствата на индивидуалната сметка за пензиска заштеда.

2. Вториот извештај содржи информации каде се инвестирани средствата на пензискиот фонд заедно со детални податоци за наплатените надоместоци и остварениот принос на пензискиот фонд.

Твоето пензиско друштво ти доставува зелен плик со годишно известување за претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.
За едноставен и брз начин на информирање имаш можност извештаите за пензиска заштеда да ги добиваш преку електронска пошта (e-mail).

# ДАЛИ МОЖЕ ПОСТОЈАНО ДА СЕ СЛЕДИ СОСТОЈБАТА НА ИНДИВИДУАЛНАТА СМЕТКА

Како член на пензиски фонд имаш можност на брз, едноставен и современ начин да правиш проверка на состојбата на своите индивидуални сметки во секое време, on-line на интернет страницата на пензиското друштво.



# ДАЛИ СРЕДСТВАТА ВО ВТОРИОТ И ТРЕТИОТ СТОЛБ СЕ СИГУРНИ

Постојат строги правила за инвестирање на средствата на пензиските фондови, утврдени со закон, со кои се обезбедува распределба на средствата со која се заштитуваат од евентуален пад на нивната вредност. МАПАС ја супервизира работата на друштвата на дневна основа со цел да се осигура дека друштвата ги следат тие правила. Вашите средства како дел од пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на пензиското дрштво, се чуваат кај банката - чувар на имот и се наменети за исплата на пензија.

МАПАС

Мисија на МАПАС е да ги заштитиме интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и да го поттикнеме развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.

# ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ

## ВТОР СТОЛБ 2

- Доколку останете без работа Вие не го губите правото на членство во втор столб, Вашите средства и понатаму се инвестираат и при повторно вработување уплатата на придонеси продолжува на истата индивидуална сметка во пензискот фонд каде и претходно сте биле член.
- Средствата од втор столб може да се користат кога ќе остварите право на старосна пензија односно 64 години возраст за мажи и 62 години возраст за жени и минимум 15 години работен стаж.
- Средствата од втор столб се предмет на наследување.

## ТРЕТ СТОЛБ 3

- Друштвото ти отвора доброволна индивидуална сметка или професионална сметка за тебе како член, веднаш по направената прва уплата на придонес.
- Ти како член, уплаќачот и осигурителот, имате право слободно да ја одредувате висината на уплатениот износ на доброволен придонеси, како и динамиката на уплатата. Промената на висината на уплатата или прекинот на уплатата, не влијаат на правото на твоето членство во доброволниот пензиски фонд, односно не значат прекин на членството.
- Десет години пред возраста за стекнување право на старосна пензија што во моментов би значело најрано на возраст од 54 години за мажи, односно 52 години за жени. Во случај да се појави и утврди општа неспособност за работа, средствата можат да се повлечат без оглед на возраста.
- Доколку ти како член на доброволен пензиски фонд, престанеш да уплаќаш придонеси во доброволниот пензиски фонд пред пензионирањето, ќе останеш да бидеш член на доброволниот пензиски фонд до моментот на остварување право на пензиски надомест, до премин во друг доброволен пензиски фонд или до настанување на смртен случај, и ќе ги имаш истите права како другите членови на доброволниот пензиски фонд.




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) • www.mapas.mk • тел. 02 3224 229